Општински совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57

6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа и член 15 член од Статутот на општина Охрид, Комисијата формирана од градоначалникот на Општина Охрид објавува:

К О Н К У Р С

за избор на идејно решение за заштитен знак-лого на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид

Член 1

Се распишува Конкурс за избор на идејно решение за изработка на заштитен знак (лого) на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид

Заштитниот знак (логото) како визуелен идентитет треба да ја претстави превенцијата на детското престапништво.

Член 2

Заштитниот знак (логото) треба да биде адаптибилно и да ги има следните карактеристики:

- Заштитниот знак (логото) треба да биде прикажано и испечатено на хартија со формат А4 во боја;
- Заштитниот знак (логото) да биде изработено во моделите на бои RGB, CMYK- со точна техничка спецификација на боите;
- Заштитниот знак (логото) да биде изработено во векторски формат во: AI (Adobe Iliustrator) фајл формат.

Член 3

Право на учество на Конкурсот имаат учениците од средните училишта на подрачје на општина Охрид.

Секој учесник треба да поднесе две идејни решенија, од кои во едното да се содржи целосното име на советот.

Со поднесувањето на дизајнот, апликантите се согласуваат дека авторските права на победничкиот дизајн се пренесуваат на општина Охрид, овозможувајќи и негово користење, изменување и дистрибуирање.

Член 4

Општински совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57

6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Наградниот фонд за најдоброто идејно решение изнесува 10.000 денари.

Член 5

Предлог – решенијата ќе ги разгледува Комисија формирана од градоначалникот на Општина Охрид.

Член 6

По завршувањето на Конкурсот, избраниот автор писмено ќе се извести и истиот ќе се обврзе да достави изјава за гаранција за оригиналност на идејното решение.

Член 7

Комисијата го задржува правото да не избере ниту едно од поднесените пријави.

Член 8

Учесниците треба да конкурираат под шифра, во затворен плик.

Во затворениот плик треба да има уште два запечатени плика од кои едниот со ознака: „предлог – решение за изработка на лого“ во кој е содржан трудот (една А4 колор верзија принтана и USB на кое ќе бидат содржани горенаведените формати на логото и една JPG колор верзија), а другиот со ознака: „податоци“ и истиот содржи податоци за индетификација на испраќачот (име и презиме на ученикот, адреса на живеење, телефонски контакт и училиште).

Рок за доставување на идејните решенија е до 05.11.2026 година до 12 часот.

Комисијата нема да ги разгледува идејните решенија кои ќе пристигнат по предвидениот рок или не се изработени според условите наведени во конкурсот.

Пријавите да бидат доставени во архивата на Општина Охрид, или со препорачана пратка на следната адреса: ул.„Димитар Влахов“, бр.57, со назнака: ***„За Конкурс за избор на идејно решение за заштитен знак-лого на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид“***

Член 9

Комисијата за распишување на Конкурсот е одговорна за спроведување на Конкурсот и евалуација на предлозите според критериумите кои ќе ги утврди и ќе важат подеднакво за сите пријавени.

Член 10

Најдоброто идејно решение ќе биде објавено на сајтот на општина Охрид.

За било какви прашања во однос на Конкурсот информирајте се на тел.076/658-668

Општински совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид

Димитар Влахов бр. 57

6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk